Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕНИОТ И ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 1994 година.

Број 08-90/1
11 јануари 1994 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕНИОТ И ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се уредува стопанисувањето со станбените згради, станови, деловни згради и деловни простории на кои право на користење, управување и располагање има Република Македонија (во натамошниот текст: станбен и деловен простор на Република Македонија).

За стопанисувањето со станбениот и деловниот простор на Републиката се основа јавно претпријатие.

Член 2

Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија (во натамошниот текст: јавно претпријатие) е правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон.

Член 3

Седиштето на јавното претпријатие е во Скопје.

Член 4

Јавното претпријатие работи под фирма Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Член 5

Дејност на јавното претпријатие се работите кои се однесуваат на стопанисувањето со станбениот и деловниот простор на Република Македонија, и тоа особено:

- инвестиционо и тековно одржување на станбениот и деловниот простор;


www.pravdiko.com

- подобрување на условите на станувањето во постојните станбени згради и станови;
- утврдување на висината на закупот, односно склучување на договори за закуп на станбен и деловен простор;
- продажба на станбен и деловен простор на Република Македонија;
- водење единствена евиденција на станбениот и деловниот простор со кој стопанисува;
- определување на делот од закупнината што останува на користење на станарите за станбените и деловните простории на Републиката;
- организирање, изградба на станбен и деловен простор чиј инвеститор е Република Македонија;
- продажба на станбен и деловен простор и
- врши и други работи што ќе му ги довери Републиката (субвенционирање на закупнина и слично за што ќе се склучи договор).

Покрај работите од став 1 на овој член јавното претпријатие го уредува градежното земјиште доверено од единицата на локалната самоуправа.

За промена на дејноста на јавното претпријатие согласност дава Собранието на Република Македонија.

Член 6

Јавното претпријатие може да врши одделни работи на стопанисување со станбениот и деловниот простор и други работи што со договор ќе му ги доверат други заинтересирани субјекти на пазарот.

Член 7

Органи на јавното претпријатие се управниот одбор и директорот.

Член 8

За својата работа јавното претпријатие доставува извештај на Собранието на Република Македонија најмалку двапати годишно.

Член 9

Владата на Република Македонија дава согласност на статутот, годишната програма за работа на јавното претпријатие, одлуката за утврдување на висината на станарината, односно закупнината на финансискиот план и завршната сметка на јавното претпријатие.

Член 10

Средствата на јавното претпријатие ги сочинуваат:
- средства пренесени од самоуправната интересна заедница на станувањето;
- средства од закупнините на станбен и деловен простор на Република Македонија; - средства остварени од издавањето на станбениот и деловниот простор;
- средства од вршење на процена при продажба на станбениот и деловниот простор; - средства од продажба на станбен и деловен простор;
- средства од уредувањето на градежното земјиште доверени од единица на локалната самоуправа;
- други средства, камати, кредити, подароци, станбен и деловен простор без сопственик, градежно земјиште без сопственик и слично и
- други приходи остварени од сопствено работење.

Член 11

Јавното претпријатие донесува статут.

Со статутот на јавното претпријатие поблиску се утврдуваат начинот на работењето и



www.pravdiko.com

организацијата на јавното претпријатие.

Статутот на јавното претпријатие го донесува управниот одбор на јавното претпријатие во рок од 30 дена од неговото конституирање.

Член 12

Јавното претпријатие ќе се конституира и ќе отпочне со работа во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

До отпочнување со работа на јавното претпријатие, работите во врска со стопанисувањето и одржувањето на станбениот и деловниот простор на Република Македонија ќе ги извршуваат самоуправните интересни заедници на станувањето, основните јавни и општествени претпријатија и други форми, според прописите што важеле до влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Подготвителните работи во врска со основањето и почетокот со работа на јавното претпријатие ќе ги врши Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

Член 15

Правата, обврските и одговорностите, опремата, инвентарот, другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и средствата на фондовите, просториите, како и средствата за станбена изградба и за надоместоците за станбените субвенции во областа на станувањето, станбениот и деловниот простор на Република Македонија, се пренесуваат на јавното претпријатие врз основа на завршен биланс на Самоуправната интересна заедница на станувањето, односно врз основа на делбен биланс со другите основни субјекти за уредување и изградба на станбен и деловен простор, градежно земјиште и друго според попис што ќе го изврши комисија за попис формирана од Владата на Република Македонија, во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој закон, со состојба на 31 декември 1993 година.

Член 16

Работниците на стручните служби на самоуправните интересни заедници на станувањето и другите основани субјекти за уредување и изградба на станбен и деловен простор ги презема јавното претпријатие согласно со општиот акт за систематизација на работите и задачите.

Член 17

Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето (ССлужбен весник на СРМм број 49/74, 9179, 26/80, 33/80 и 14/82) престанува да важи со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат одредбите од членовите 39, 40 став 1, 46, 47 точка 7, 48 став 2 алинеја 1, 51, 53 ставови 1 и 2 и член 62 од Законот за станбените односи (ССлужбен весник на СРМм број 36/73, 14/75, 27/86, 21/89, 11/91) и одредбите од член 10 став 3, 14 ставови 1 и 3, 15 став 1 и 16 ставови 1 и 2 од Законот за сопственост на делови од згради (ССлужбен весник на СРМм број 20/74, 31/74, испр. и 14/75).


www.pravdiko.com

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ССлужбен весник на Република Македонијам.



www.pravdiko.com